Централна кооперативна банка АД Скопје

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работењето на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2021 година**

Скопје,
април, 2022 год.

Врз основа на глава X, точка 60 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на Народната банка на Република Северна Македонија и член 59, став 1, точка 15 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Надзорниот одбор до Собранието на акционерите на Банката го доставува следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2021 ГОДИНА

**Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје** претставува самостоен и независен орган кој своите надлежности ги извршува согласно со законските прописи, Статутот на ЦКБ АД Скопје и Кодексот за корпоративно управување на Банката. Надзорниот одбор ги усвојува деловната политика и развојниот план на Банката и го следи нивното спроведување, ги одобрува и донесува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, ги одобрува и ги донесува плановите, програмите и другите општи акти врз основа на кои работи Банката, постојано го следи нејзиното работење, ги следи и ги анализира извештаите на супервизорската контрола над ЦКБ АД Скопје и други извештаи од Народната банка на РСМ и презема други мерки за усогласување и работење на Банката согласно со законските и подзаконските прописи. Одговорен е да обезбеди добро работење, управување и стабилност на ЦКБ АД Скопје, како и навремено и точно финансиско известување на надлежните институции.

Во рамките на овие надлежности, Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2021 година работеше со стремеж за добро работење, управување и стабилност на Банката, навремено и точно известување на Народната банка на Република Северна Македонија, квалитетно и континуирано управување со пазарните ризици, планирање нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот. Работата беше ориентирана кон остварување на целите за зголемување и подобрување на квалитетот на кредитното портфолио, вршење ефикасна контрола врз процесите на работа, минимизирање на оперативните ризици, постигнување определени финансиски и организациски резултати.

Активностите генерално беа насочени Банката да биде сигурен и конструктивен партнер на секој нејзин клиент. Дејностите беа ориентирани кон остварување на нејзината мисија - да креира трајни врски со клиентите и подлабоко да навлезе на македонскиот пазар преку финансирање мали и средни претпријатија и физички лица, како и понуда на современи финансиски услуги кои ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, притоа стремејќи се да одржува позитивна и стимулативна работна атмосфера и да ги поттикнува иницијативите и да ги наградува реалните резултати и успеси.

Работењето на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2021 година се одвиваше во услови коишто се последица на ширењето на корона-вирусот – ковид-19. Надзорниот одбор во текот на 2021 година беше ориентиран кон остварување на основните стратешки цели, и тоа: одржување во групата на средни банки во банкарскиот сектор на Република Северна Македонија, на најефикасен начин да обезбеди висококвалитетни производи и услуги во пресрет на потребите на клиентите и да оствари позитивна стапка на поврат на капиталот и задоволителен принос на акционерите на Банката.

Централна кооперативна банка во текот на 2021 година настојуваше:

- да има одржлив раст на кредитите и да ја зајакне својата пазарна позиција во националната економија;
- да дефинира политики и процедури за усогласување на работењето со најдобрите меѓународни практики и закони;
- да одржува висок квалитет на кредитното портфолио и задоволително ниво на покриеност со резервации;
- одржување стабилно депозитно јадро и висок степен на ликвидност, и

- одржување на ризичните позиции во рамките на лимитите утврдени од страна на Народната банка на РСМ, како и во рамките на интерните лимити.

Со цел подобрување на севкупната финансиска позиција на Банката, Надзорниот одбор донесе бројни одлуки, меѓу кои и одлуки од доменот на кредитирањето, односно вршеше измени и дополнувања на параметрите на постоечките продукти во насока на подобрување на условите за клиентите и определуваше промотивни услови и периоди за продуктите.

Надзорниот одбор на своите седници полноправно одлучуваше согласно со законските и подзаконските прописи, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во 2021 година, Надзорниот одбор одговорно ги вршеше своите активности во насока на обезбедување добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ.

Надзорниот одбор како орган на Централна кооперативна банка АД Скопје е именуван од страна на Собранието на акционерите, по добивање претходна согласност од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија. Своите активности генерално ги остваруваше на редовни седници кои се одржуваа најмалку еднаш квартално, согласно со Законот за банките и со Статутот на Банката.

Во текот на минатата година Надзорниот одбор работеше во состав од 5 (пет) члена, и тоа:

| **ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР** | МАНДАТ ДО |
|---|---|
| ➢ Тихомир Ангелов Атанасов – претседател | 31.7.2022 г. |
| ➢ Георги Димитров Константинов – заменик-претседател | 31.7.2022 г. |
| ➢ Христо Георгиев Христов - член | 31.7.2022 г |
| ➢ Љубен Лилјанов Нанов – независен член | 4.6.2024 г. |
| ➢ Киро Костов – независен член | 25.9.2022 г. |

## ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЗОРНАТА ФУНКЦИЈА

Во извршувањето на своите законски и статутарни надлежности, Надзорниот одбор постојано го следеше работењето на Банката и ги разгледуваше месечните извештаи на Управниот одбор за остварените финансиски резултати, ги следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста, кредитното портфолио, депозитите на правни и физички лица, остварените приходи и расходи со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за промените во портфолиото и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Надзорниот одбор вршеше постојан надзор на работата на Банката и другите органи на истата, редовно соработуваше со Управниот одбор и остваруваше постојан надзор врз работењето и органите на Банката. Ги следеше ликвидноста, ризиците, другите значајни параметри за успешно остварување на функциите на истата и квалитетот на кредитното портфолио. Во услови на пандемијата предизвикана од ковид-19 Банката ги презеде и ги почитуваше сите пропишани мерки, согласно со донесените уредби на Владата на РСМ.

Во извештајниот период Надзорниот одбор вршеше надзор преку:

- редовно разгледување на извештаите на Управниот одбор за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје, извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката,

извештаите на Одборот за управување со ризиците, на Одборот за ревизија, Службата за внатрешна ревизија, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, Службата за спречување перење пари и финансирање тероризам, на лицето одговорно за сигурност на информативниот систем, Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик, извештаите за износ и вид на преземени средства на Банката; извештаите за одобрени исклучоци во каматни стапки при исплатени кредитни производи; кварталните извештаи за исплатени кредити коишто отстапуваат од стандардните кредитни производи, извештаите за земјоделски кредити, извештаите за клиенти на Банката кај коишто е идентификувано влошување на финансиската способност; извештаите за исплатени кредитно-гаранциски производи со негативно мислење од Службата за кредитен ризик и кредитни операции, како и со ризик исклучоци, кварталните извештаи за извршени трансакции со поврзани лица;

- одобрување на изложеност кон лица од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување хартии од вредност издадени од Народната банка на РСМ;
- одобрување трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
- анализа на кредитното портфолио на физички лица;
- усвојување на Финансискиот план на Банката, одобрување на плановите и програмите за работа и Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија;
- одобрување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Банката;
- усвојување на политиките за управување со ризиците, плановите и програмите за работа и општите интерни акти на Банката, освен актите што ги донесува Собранието на акционерите;
- разгледување на извештаите на супервизијата, други извештаи и записници, доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и преземање мерки и активности за надминување на утврдени неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- разгледување на Годишниот извештај за работењето на ЦКБ АД Скопје;
- други активности согласно со законската и подзаконската регулатива, Статутот и интерните акти на Банката.

Во периодот јануари-декември 2021 година, Надзорниот одбор во рамките на своите надлежности донесе определен број акти и ја оцени соодветноста на некои од постоечките, со кои се одобруваат деловните политики и стратегии во банкарското работење, како и други акти поврзани со работењето на Банката.

Во известувачкиот период Надзорниот одбор одржа вкупно седум седници, а во периодот меѓу две седници донесуваше одлуки без одржување состанок, со претходна согласност од сите членови.

- Тихомир Атанасов учествуваше во работата на 7 (седум) седници и 6 (шест) пати даваше согласност за донесување одлуки на кореспондентски начин, без одржување состанок;
- Георги Константинов учествуваше во работата на 7 (седум) седници и 6 (шест) пати даваше согласност за донесување одлуки на кореспондентски начин, без одржување состанок;
- Христо Христов учествуваше во работата на 7 (седум) седници и 6 (шест) пати даваше согласност за донесување одлуки на кореспондентски начин, без одржување состанок;
- Љубен Нанов учествуваше во работата на 7 (седум) седници и 6 (шест) пати даваше согласност за донесување одлуки на кореспондентски начин, без одржување состанок;
- Киро Костов учествуваше во работата на 7 (седум) седници и 6 (шест) пати даваше согласност за донесување одлуки на кореспондентски начин, без одржување состанок.

Надзорниот одбор на сите свои седници одлучуваше согласно со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Статутот на Банката и Деловникот за работа на Одборот, а одлуките ги донесуваше со мнозинство гласови.

Во текот на 2021 година, Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од пет члена. Во неговата работа континуирано учествуваа сите членови и сите членови придонесоа за успешно извршената работа на Одборот.

Во известувачкиот период не е констатиран судир на интересите на кој било од членовите на Надзорниот одбор со интересот на Банката, којшто може да ја попречи или ограничи неговата способност за извршување независна и објективна оценка на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење колективни ставови. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор избегнуваат каков било судир или потенцијален судир помеѓу нивните лични интереси и интересите на друштвото. Надзорниот одбор на Банката го следи и управува со потенцијалниот судир на интереси помеѓу

членовите на двата одбора, повисокиот менаџмент и акционерите, вклучувајќи ја и можната злоупотреба на средствата на Банката и злоупотреба на зделки со заинтересирани страни или со поврзани страни.

## ОДОБРЕНИ ОДЛУКИ, ИЗВЕШТАИ, ПЛАНОВИ И ПОЛИТИКИ, ПРЕДЛОЖЕНИ ДО СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ЦКБ АД СКОПЈЕ ВО 2021 ГОДИНА

Надзорниот одбор ги одобри и ги предложи до Собранието на акционерите на Банката за усвојување Годишната сметка на ЦКБ АД Скопје со состојба на 31.12.2020 година и финансиските извештаи на Банката за 2020 година, Предлог-одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка во 2020 година, го разгледа и го предложи за усвојување Извештајот на Друштвото за ревизија за извршена равизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2020 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. Надзорниот одбор до Собранието на акционерите на Банката го достави Извештајот за своето работење во 2020 година, заедно со оценка на поединечните членови и колективно, како и Годишниот извештај за работењето на ЦКБ АД Скопје во 2020 година, со писмено мислење по истиот од Надзорниот одбор.

## ПОЗНАЧАЈНИ ИЗВЕШТАИ ОДОБРЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА

Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во текот на 2021 година ги усвои Деловната политика и развојниот план, како и Финансискиот план на ЦКБ АД Скопје за 2021 година, ги разгледа: Годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2020 година, како и полугодишниот, кварталните и месечните извештаи од истата, полугодишниот и годишниот извештај за работа на Одборот за ревизија на ЦКБ АД Скопје, со оценка за сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, Годишниот извештај за работењето на Одборот за управување со ризиците, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно, Полугодишниот и Годишниот извештај за сигурноста на информативниот систем и Полугодишните извештаи од Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите. Исто така, на седница на Надзорниот одбор беше одобрен и Извештајот за спроведениот попис на средствата и изворите на средства на ЦКБ АД Скопје со состојба на 31.12.2020 година.

- **Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје во 2020 година со Оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно**

Согласно со законските одредби, Надзорниот одбор на Банката, во март 2021 година, го изготви Годишниот извештај за своето работење во текот на 2020 година со Оценка на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор, поединечна и колективна и истите ги достави на Седницата на Годишното собрание на акционерите на Банката.

- **Информации во врска со измените во Одлуката за каматните стапки во Банката**

Врз основа на Одлуката за висината на каматните стапки на Централна кооперативна банка АД Скопје, Управниот одбор во текот на 2021 година донесе одлуки за измена и дополнување на Одлуката за каматните стапки на Банката. Имено, Банката изврши промена на каматните стапки за платежни картички согласно со регулатива за определување на висината на договорната каматна стапка, како и висината на референтната каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула. Промена на каматните стапки за кредити беше извршена согласно со законската регулатива за определување висина на референтната каматна стапка објавена од НБРСМ за промена на висината на референтната каматна стапка. Исто така, врз основа на анализата на висината на каматните

стапки за депозити во банкарскиот сектор во првиот квартал на 2021 година, се изврши промена на каматните стапки за депозити на физичките и правни лица. Промената на каматните стапки е согласно со регулатива за определување на висината на договорнатата каматна стапка, како и висината на референтната каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула од 25.6.2021 година која изнесува 1,28%.

- **Информации во врска со измените во тарифата на Банката**

Врз основа на Одлуката за тарифата на надоместоците за услугите што ги врши Централна кооперативна банка АД Скопје, Управниот одбор донесе одлуки за измени во истата одлука и за тоа редовно го известуваше Надзорниот одбор. Имено, со цел создавање пазарни услови за поефикасна поддршка на клиентите на Банката и утврдување конкурентни цени на банкарските услуги како и продолжување на понатамошната успешна соработка во наредниот период, Управниот одбор врз основа на досегашното искуство од тековното работење со клиентите, донесе одлуки за воведување повластени тарифи со кои Банката ќе пресметува и наплатува надоместоци за извршените банкарски услуги во областа на платниот промет во земјата, како и измени во делот на соодветни кредитни продукти на население.

## ПОЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА

- **Одлуки за одобрување кредити и банкарски гаранции**

Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор донесуваше одлуки за одобрување на кредити за физички и правни лица и банкарски гаранции кои не се во надлежност на Управниот одбор.

- **Одлука за одобрување на Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија**

Во јануари 2021 година, Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје го одобри Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија. Имено, Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката и нејзините организациски единици. Основна цел на работењето на Службата е да придонесе во остварување на целите на Банката, преку оценување на изложеностите на ризици, оценување на адекватноста и ефективноста на контролите и нивно подобрување, во врска со веродостојноста и интегритетот на финансиските и оперативните информации, ефективноста и ефикасноста на операциите, заштитата на средствата и информациите и усогласеноста со законска и подзаконска регулатива. За остварување на своите цели Службата спроведува редовни и вонредни ревизии, мониторинг ревизии (follow-up) и други дополнителни активности – консалтинг услуги во однос на работењето на Банката и воспоставените интерни контроли, обуки итн.

Изготвувањето на Годишниот план е обврска на Службата согласно со член 96, став 1 од Законот за банките, како и согласно со интерната регулаторна рамка на Банката. Методолошки, Годишниот план се заснова на проценка на сите ризици во работењето на Банката, по претходна идентификација и оценка на целите, ризиците и контролните активности на Службата.

- **Одлука за повторно именување на член на Управниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

На 26.2.2021 година, Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје донесе Одлука за повторно именување на Станимир Станчев како член на Управниот одбор. Причините за неговото повторно именување се во убеденоста на Надзорниот одбор на Банката дека, со неговото именување за член на Управниот одбор ќе се продолжи со неговиот активен придонес и значајното влијание врз подобрувањето на работењето на Банката од повеќе аспекти, бидејќи се има предвид, пред сè, неговото повеќегодишно банкарско работно искуство во различни области, посебниот ангажман во повеќе конкретни области од сферата од банкарското работење и неговото веќе

докажано успешно извршување на функцијата член на Управниот одбор на Банката. Одлуката стапи во сила по добивањето претходна согласност од гувернерот на Народната банка на РСМ.

- **Одлука за повторно именување на член на Одборот за управување со ризици на ЦКБ АД Скопје**

Со оглед на истекувањето на мандатот, во февруари 2021 година, Надзорниот одбор повторно го именуваше Неделин Валчев како член на Одборот за управување со ризици на Централна кооперативна банка АД Скопје, за период од две години, согласно со Статутот на Банката.

- **Одлука за назначување заменик-член на Кредитниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Исто така, во февруари 2021 година, Марјан Путовиќ - раководител на Службата за кредитен ризик и кредитни операции во Дирекцијата за анализа и управување со кредитниот ризик во ЦКБ АД Скопје беше назначен за заменик-член на Кредитниот одбор на Банката.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за воведување промотивни параметри на кредитниот производ „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ - потрошувачки пакет за кредитирање физички лица „Доверба“ и воведување промотивни параметри**

Во март 2021 година, Надзорниот одбор ги верифицираше одлуките донесени од Управниот одбор со кои беа воведени промотивни услови за „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и беше извршена измена и дополнување на потрошувачки пакет за кредитирање на физички лица „Доверба“, а, воедно, беа воведени и промотивни параметри кај истиот.

- **Одлука за одобрување на предлогот на Одборот за ревизија на Банката за назначување на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје, како друштво за ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2021 година**

На седницата одржана во април 2021 година, Надзорниот одбор го одобри предлогот на Одборот за ревизија за назначување на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје, како друштво за ревизија на ЦКБ АД Скопје за 2021 година. Одлуката се достави до Годишното собрание на акционерите на Банката за нејзино усвојување.

- **Одлука за свикување Годишно собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Согласно со Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Надзорниот одбор, на својата седница одржана во април 2021 година, донесе одлука за свикување Годишно собрание на акционерите, кое се одржа на 21.5.2021 година, со почеток во 11:00 часот, во седиштето на Банката.

- **Одлука за усвојување ревидиран Кодекс за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Согласно со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на НБРСМ Надзорниот одбор донесе Одлука за ревидирање на текстот на Кодексот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје. Кодексот е во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, Статутот на ЦКБ АД Скопје и со другите интерни акти на Банката.

- **Одлука за повторно именување членови на Одборот за наградување на Централна кооперативна банка АД Скопје**

На својата седница одржана во април 2021 година, од страна на Надзорниот одбор се донесе Одлука за повторно именување на членовите на Одборот за наградување на Централна кооперативна банка АД Скопје со мандат од четири години.

- **Одлука за повторно именување независни членови на Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Имајќи го предвид истекувањето на мандатот на независните членови на Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје, Надзорниот одбор повторно ги именуваше Соња Чулева и Власте Савевски како независни членови со мандат од четири години од денот на изборот.

- **Одлука за повторно именување членови на Одборот за управување со ризици на ЦКБ АД Скопје**

Надзорниот одбор на својата седница одржана на 19.4.2021 година повторно ги именуваше лицата Борка Цветановска, Станимир Станчев, Жаклина Мариќ, Вукота Чукиќ и Драги Рајковски како членови на Одборот за управување со ризици, со оглед на истекувањето на нивните мандати. Истите беа именувани за период од две години од денот на изборот.

- **Одлука за воведување нов производ - Мобилно банкарство**

Во април минатата година, Надзорниот одбор на Банката на предлог на Управниот одбор ја донесе Одлуката за воведување нов производ „CCBank Mobile MK“ во Централна кооперативна банка АД Скопје. Овој производ беше воведен во насока на зголемување на асортиманот на производите и услугите на Банката, како и потребата од воведување современи канали на комуникација со клиентите како начин на давање квалитетни услуги на постојните и потенцијалните клиенти.

- **Одлуки за повторно именување на Неделин Валчев и Орце Трајковски за членови на Управниот одбор на Банката**

На Седницата одржана во септември 2021 година, Надзорниот одбор донесе одлуки за повторно именување на Неделин Валчев и Орце Трајковски за членови на Управниот одбор на Банката.

Надзорниот одбор е убеден дека со именувањето на Неделин Валчев за претседател на Управниот одбор ќе се постигне значајно влијание врз подобрувањето на работењето на Банката од повеќе аспекти, бидејќи, пред сè, се има предвиднеговото повеќегодишно банкарско работно искуство во различни области, но и посебниот ангажман во повеќе конкретни области од сферата на банкарското работење. При неговото повторно именување, покрај другото, се зема предвид ангажманот во деловното работење на Банката, воспоставување и унапредување на системите за управување, системите за управување со ризици, усогласеност на работењето на Банката со прописите, постигнување повисоко квалитативно и квантитативно ниво на кредитното портфолио, одржување високо ниво на ликвидност, проширување на деловната мрежа на Банката и овозможување подобар пристап на клиентите до производите и услугите на Банката, промовирање бренд и зголемување на конкурентноста, довербата на Банката и нејзината препознатливост, зголемување и одржување стабилна депозитна база, како и во останатите области од сферата од банкарското работење.

Орце Трајковски има богато банкарското работно искуство во различни области, посебно бил ангажиран во конкретни области како платни системи и операции, надградување на информатичка технологија и нејзина имплементација со цел воспоставување банкарски интегриран информациски систем, унапредување на системите за управување - идентификација, оценка и следење ризици до повисок степен на имплементација на законската регулатива, унапредување на организацијата на работата, унапредување на препознатливоста на Банката на пазарот, проширување на мрежата на експозитури на Банката, одржување стабилна депозитна база, одржување на вредноста на капиталот на Банката, подобрување на ефикасноста во управувањето со човечките ресурси, како и во останатите области од сферата на банкарското работење. Надзорниот одбор повторно го именуваше

за член на Управниот одбор со убеденост дека неговото повеќегодишно искуство како член на Управниот одбор ќе помогне во понатамошното зајакнување на работата на Банката и ќе обезбеди работа која е усогласена со локалното регулаторно окружување и со законската регулатива во РС Македонија.

Одлуките за именување на членови на Управниот одбор влегоа во сила по добивањето на претходна согласност од гувернерот на Народната банка на РС Македонија.

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите и воведување промотивни услови за кредитниот производ „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“;**

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите и воведување промотивни услови за кредитниот производ „ЦКБ Станбен кредит“;**

- **Одлука за верифицирање на Одлуката на Управниот одбор на Банката за формирање цени на кредитни продукти за население при користење на „Ризико кредитно осигурување“.**

Во септември 2021 година, Надзорниот одбор ги верифицираше одлуките на Управниот одбор за измена и дополнување на параметрите и воведување промотивни услови за кредитните производи „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“ и „ЦКБ Станбен кредит“, како и за формирање цени на кредитни продукти за население при користење „Ризико кредитно осигурување“.

- **Одлука за измена и дополнување на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Од страна на Надзорниот одбор, на Седницата одржана во ноември 2021 година беше донесена Одлука за донесување предлог за измени и дополнувања на Статутот на ЦКБ АД Скопје. Оваа одлука беше донесена согласно со Планот за активности за усогласување, изготвен поради постапување по дописот од НБРСМ бр.15-6119/1, од 24.2.2020 година, и генерално поради усогласување со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на НБРСМ. Оваа одлука беше доставена до Собранието на акционерите на Банката за усвојување.

- **Одлука за свикување Вонредно собрание на акционерите на ЦКБ АД Скопје**

На Седницата одржана на 15.11.2021 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за свикување Вонредно собрание на акционерите на ЦКБ АД Скопје, кое се одржа на 17.12.2021 година, со почеток во 11:00 часот, во седиштето на Банката. На оваа седница акционерите гласаа за измени и дополнувања на Статутот. Одлуката стапи во сила по добивањето претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

- **Информација во врска со продолжување на промотивни каматни стапки за ЦКБ СУПЕР депозит - ЕУР во Централна кооперативна банка АД Скопје**

На 15.11.2021 година, Управниот одбор го информираше Надзорниот одбор во врска со продолжување промотивни каматни стапки за ЦКБ СУПЕР депозит во евра. Имено, со воведувањето на промотивните каматни стапки Банката ја зајакнува својата конкурентна понуда на депозитни производи во насока на забрзување на депозитниот раст како основа за континуиран раст на кредитирањето. Промотивните каматни стапки се продолжија со цел привлекување средства од депозити на физички лица и зголемување на учеството на депозитите со валута евро во вкупната депозитна база од физички лица.

- **Одлука за воведување промотивни услови за потрошувачки пакет за кредитирање на физички лица „Доверба“;**

- **Одлука за воведување промотивни услови за кредитниот производ „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“;**

- **Одлука за воведување промотивни услови за кредитниот производ „ЦКБ Станбен кредит“;**

- **Одлука за измена и дополнување на параметрите на кредитниот производ „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“ и воведување промотивни услови.**

На декемвриската седница на Надзорниот одбор ги верифицираше одлуките донесени од страна на Управниот одбор за воведување промотивни услови за потрошувачкиот пакет на Банката за кредитирање физички лица „Доверба“, „ЦКБ потрошувачки кредит обезбеден со хипотека на недвижен имот“, „ЦКБ Стандарден потрошувачки кредит“ и, воедно, изврши измена и дополнување на параметрите на последниот. Ваквите одлуки се донесени во насока на понуда на атрактивни производи и привлекување нови клиенти на ЦКБ АД Скопје.

- **Одлука за одобрување на Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија на Централна кооперативна Банка АД Скопје за 2022 година**

На Седницата на Надзорниот одбор, одржана на 13.12.2021 година, беше одобрен Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година. Внатрешната ревизија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на ЦКБ АД Скопје и нејзините организациски единици. Основна цел на работењето на Службата е да придонесе во остварување на целите на Банката, преку оценување на изложеностите на ризици, оценување на адекватноста и ефективноста на контролите и нивно подобрување. Методолошки, Годишниот план се заснова на проценка на сите ризици во работењето на Банката, по претходна идентификација и оценка на целите, ризиците и контролните активности на Службата. Истиот е изработен користејќи пристап базиран на ризици преку оценка на типот и нивото на ризици на кои се изложени одделните деловни активности, процеси и системи на контрола на Банката, земајќи ги предвид барањата на Меѓународните стандарди за вршење внатрешна ревизија.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПОЛИТИКИ ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА

- **Стратегија за преземање и управување со ризици на ЦКБ АД Скопје**

На 28.1.2021 година, Надзорниот одбор ја усвои ревидираната Стратегија за преземање и управување со ризици на ЦКБ АД Скопје, заедно со Прилог 1 – Документ за прифатливо ниво на ризик, составен дел на истата. Целта на оваа стратегија е да ја дефинира рамката со која се определува склоноста за преземање ризик за определени видови на ризик за правовремено утврдување на промена во профилот на ризичност на Банката, како и давање основни насоки во управувањето со ризиците и дефинирање прифатливо ниво на ризик. Истата ги дефинира општите принципи за управување со ризиците кои се во согласност со деловната стратегија на Банката, земајки ги предвид и сите законски барања, етички стандарди и добра деловна практика. Стратегијата за преземање и управување со ризици на ЦКБ АД Скопје е во согласност со Законот за банките, Одлуката за методологијата за управување со ризиците, останатите подзаконски акти, како и претпоставките на деловната политика, развојниот план и стратегискиот план на Банката. Документот за прифатливо ниво на ризик како составен дел на оваа стратегија е ревидиран, односно извршено е негово усогласување со Планот на Банката за 2021 година.

- **Политика за користење услуги од надворешни лица**

Со Одлука на Надзорниот одбор, донесена на 26.02.2021 година, Политиката за користење услуги од надворешни лица на ЦКБ АД Скопје бр. 0204-28/1 од 24.2.2020 година, се оцени како соодветноста за нареден период. Основна цел на истата е да го обезбеди целиот процес од донесувањето одлуки за користење услуги од надворешни лица, нивниот избор, склучувањето на договорите, оценката и следењето на ризиците поврзани со користењето услуги од надворешни лица, начинот на надзор на работењето на надворешното лице од аспект на услугите коишто ги извршува за Централна кооперативна банка АД Скопје, како и известување на органите на Банката за изложеноста од ризикот на користење услуги од надворешни лица. Исто така, Политиката за користење услуги од надворешни лица е наменета да обезбеди адекватно управување со оперативниот ризик кој произлегува од користењето услуги од надворешни лица, како и постојан надзор над надворешните лица-добавувачи на услуги за усогласен квалитет на услугите кои Банката ги добива.

- **Политика за управување со правниот ризик**

Во февруари 2021 година, Надзорниот одбор, исто така, ја оцени како соодветносна за нареден период и Политиката за управување со правниот ризик. Со оваа политика се уредува управувањето со правниот ризик на Централна кооперативна банка АД Скопје и истата ги дава основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оценка, следење, контрола и управување со правниот ризик на кој е изложена Банката при вршењето на своите активности, со цел спречување или минимизирање на можноста за појава на загуби или намалување на вредноста на имотот или акционерскиот капитал на Банката. Политиката ги содржи основните принципи кои треба да бидат почитувани од менаџментот и вработените и го објаснува главниот процес со кој правниот ризик ќе биде идентификуван и управуван на сите нивоа на работењето на Банката.

- **Политика за управување со ризикот од концентрација**

На 26.2.2021 година, Надзорниот одбор ја оцени Политиката за управување со ризикот од концентрација на изложеност како адекватна за нареден период. Предмет на оваа политика е навремено идентификување, мерење, следење и контрола на ризикот од концентрација на изложеност, со цел навремено преземање мерки за елиминирање на факторите кои влијаат на настанување на ризикот од концентрација на изложеност на Банката. Истата има за цел да придонесе за единствен и системски пристап при идентификување, мерење, следење и заштита од овој ризик, како и да придонесе за објективна оценка за изложеноста на ризикот од концентрација со цел да се предвидат, спречат, намалат или надминат последиците од изложеноста на ризикот од концентрација на Банката.

- **Политика за управување со пазарниот ризик**

На 29.3.2021 година, од страна на Надзорниот одбор како соодветна за нареден период беше оценета Политиката за управување со пазарниот ризик. Со оваа политика се уредува управувањето со пазарниот ризик на Централна кооперативна банка АД Скопје. Со истата се даваат основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оценка, следење, контрола и управување со пазарниот ризик на кој е изложена Банката при вршењето на своите активности. Политиката ги содржи основните принципи кои треба да бидат следени од менаџментот и вработените на Банката и го објаснува главниот процес со кој пазарниот ризик ќе биде идентификуван и управуван на сите нивоа на работењето на Банката.

- **Политика за управување со репутацискиот ризик**

Надзорниот одбор во март 2021 година како соодветна за нареден период ја оцени Политиката за управување со репутацискиот ризик. Оваа политика ги дава основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оценка, следење, контрола и управување со репутацискиот ризик на кој Банката е изложена при вршењето на своите активности. Истата ги содржи основните принципи кои треба да бидат следени од менаџментот и вработените и го објаснува основниот процес со кој репутацискиот ризик ќе биде идентификуван и управуван на сите нивоа на работењето на Банката.

- **Политика за утврдување на поврзани лица и лимити на изложеност**

На 29.3.2021 година, Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје донесе Одлука за измена и дополнување на Политиката за утврдување поврзани лица и лимити на изложеност на Банката. Измените и дополнувањата беа извршени согласно со Одлуката за начинот на утврдување поврзани лица и за лимитите на изложеноста („Сл. весник на РСМ“ бр.308/2021). Оваа политика го уредува начинот на утврдување на поврзаните лица и лицата поврзани со Банката, воспоставување соодветни системи за следење на поврзаните лица за потребите на работењето на Банката, како и начинот на утврдување и следење на лимитите на изложеност. Со цел соодветно управување со ризикот од концентрација при извршување на своите активности, Банката врши идентификување на клиентите (домашни или странски правни и физички лица) и лицата поврзани со нив согласно со оваа политика.

- **Политика за управување со ликвидносниот ризик**

На 29.3.2021 година, од страна на Надзорниот одбор на Банката се усвои Политиката за управување со ликвидносниот ризик на ЦКБ АД Скопје. Новата Политика за управување со ликвидносниот ризик е изготвена заради усогласување на Банката со Одлуката за методологија за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на РСМ“ број 146/2020) и Упатството за спроведување на Одлуката за методологија за управување со ликвидносниот ризик („Службен весник на РСМ“ број 314/2020).

- **Стратегија за воспоставување соодветно ниво на подготвеност на Централна кооперативна банка АД Скопје од ризиците поврзани со компјутерски напади во дигиталниот простор**

Во март 2021 година, исто така, беше усвоена и Стратегијата за воспоставување соодветно ниво на подготвеност на ЦКБ АД Скопје од ризиците поврзани со компјутерски напади во дигиталниот простор со Прилог-алатка за самооценка на ризиците поврзани со нападите од дигиталниот простор. Имено, Народната банка на РС Македонија изработи Алатка за оценување на ризиците поврзани со компјутерски напади во дигиталниот простор за да им помогне на органите на Банката да извршат мерење на нивната изложеност и способност да се соочат со потенцијалните закани присутни во дигиталниот простор (англ. cyberspace). Надзорниот одбор на Банката ја усвои оваа стратегија како потврда на својата посветеност во креирањето сигурен информативен систем и заштита на системите од ризиците во дигиталниот простор.

- **План на активности за воспоставување соодветно ниво на подготвеност на Централна кооперативна банка АД Скопје од ризиците поврзани со компјутерски напади во дигиталниот простор**

Надзорниот одбор, на 29.3.2021 година, усвои План на активности за воспоставување соодветно ниво на подготвеност на ЦКБ АД Скопје од ризиците поврзани со компјутерски напади во дигиталниот простор. Управниот одбор на Банката назначи координатор на активности и тим за спроведување самооценка и им додели одговорности за пополнување на Алатката за самооценување и изготвување Стратегија за воспоставување соодветно ниво на подготвеност од напади во дигиталниот свет. Овој план се усвои врз основа на добиените резултати од Алатката за самооценување и усвоената Стратегија за воспоставување соодветно ниво на подготвеност од напади во дигиталниот свет од страна на Надзорниот одбор и се назначија одговорни лица за спроведување на активностите од Планот согласно со дадените временски рокови.

- **Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки**

На Седницата одржана на 19.4.2021 година, Надзорниот одбор на Банката ја оцени Политиката за управување со ризикот од промена на каматните стапки на ЦКБ АД Скопје како соодветна за нареден период. Банката е изложена на ризик од промена на каматните стапки и ризик од рочна неусогласеност на каматночувствителните активни и пасивни позиции како резултат на неповолните промени на каматните стапки и разликите во рочноста. Исто така, изложена е на основниот ризик од каматни стапки, кој произлегува од различниот начин на менување на променливите каматни стапки, како што се каматните стапки на активата и пасивата, како и промената на одредени референтни каматни стапки (ЛИБОР,СКИБОР). Активностите за управување

со ризикот се насочени кон оптимизирање на нето-приходите од камати со разни пазарни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката. Основа за управување со каматниот ризик претставува Одлуката за каматни стапки и ефектите од спроведување на истата врз билансот на успех.

- **Политика за управување со валутниот ризик**

На својата априлска седница Надзорниот одбор, исто така, како соодветна за нареден период ја оцени и Политиката за управување со валутниот ризик. Со оваа политика се даваат основните цели и насоки на нејзиното дејствување на полето на идентификација, оценка, следење, контрола и управување со валутниот ризик на кој е изложена Банката при вршењето на своите активности, со цел спречување или минимизирање на можноста за појава на загуби или намалување на вредноста на имотот или акционерскиот капитал на Банката.

- **Политика за управување со стратегиски ризик**

На 28.5.2021 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за измена и дополнување на Политиката за управување со стратегискиот ризик на Банката. Измените на оваа политика беа направени по препорака на Службата за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите. Оваа политика е донесена со цел да се обезбеди континуитет на управувањето со стратегискиот ризик согласно со обемот, видот и големината на Банката, како и одржување на изложеноста на овој ризик во рамките на законските одредби согласно со најдобрите меѓународни практики. Централна кооперативна банка АД Скопје внимателно ги формулира стратегиските и деловни планови со цел тие преку органите на управување и соодветна внатрешна инфраструктура да бидат ефективно спроведени.

- **Политика за утврдување на интерниот капитал**

Во мај 2021 година, Надзорниот одбор ја оцени како соодветна за нареден период и Политиката за утврдување на интерниот капитал на ЦКБ АД Скопје. Со оваа политика се уредува процесот на утврдување на интерниот капитал на ЦКБ АД Скопје. Истата е тесно поврзана со Стратегијата за управување со ризици и развојниот план и деловната политика на Банката, односно со истата се утврдуваат тековните и идните потреби за капитал за покривање на сите ризици при остварување на планираните стратегиски цели.

- **Проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам (Извештај за агрегатното ниво на ризик од перење пари и финансирање тероризам)**

На Седницата на Надзорниот одбор, одржана на 28.6.2021 година, се одобри Проценката на ризик од перење пари и финансирање тероризам (Извештај за агрегатното ниво на ризик од перење пари и финансирање тероризам). При проценката на ризикот се земени предвид следниве фактори на ризик кои се однесуваат на: клиентот, производите, услугите или трансакциите, каналите на дистрибуција и државите или географските подрачја.

- **Политика за управување со оперативен ризик**

На јунската седница на Надзорниот одбор се донесе и Одлука за оценка на соодветноста на Политиката за управување со оперативен ризик. Истата има за цел да воведе и промовира доследна и позитивна култура и рамка за управување со оперативниот ризик што може да произлезе од сите активности што ги презема Банката. Политиката за управување со оперативен ризик ги објаснува системите преку кои се идентификуваат, контролираат, управуваат и ублажуваат материјалните и нематеријални ризици предизвикувачи на оперативните ризици во рамките на Банката и го содржи системот на известување и управување со оперативниот ризик. Банката не може да ги елиминира сите оперативни ризици, но мора да се стреми да ги минимизира преку адекватен систем за управување и каде е можно, да ги спречува или трансферира ризиците со користење на најдобрите средства што ѝ стојат на располагање.

- **Политика за управување со ризик од земја**

На 28.6.2021 година, Надзорниот одбор ја оцени Политиката за управување со ризик од земја како соодветна за нареден период. Ризикот на земја е посебен облик на ризик на кој Банката може да има мало директно влијание. Затоа истата треба да има адекватни системи и соодветна компетентност да управува со изложеностите надвор од границите на земјата со цел да го избегне преземањето несоодветни ризици на концентрација на таквите изложености. Нивото на софистицираност на управување со ризик на земја во Банката е соодветен со големината, природата и комплексноста на нејзините изложености надвор од земјата.

- **Политика за кредитна активност**

На Седницата одржана во јуни 2021 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за измена и дополнување на Политиката за кредитна активност на ЦКБ АД Скопје согласно со Акцискиот план за постапување на Централна кооперативна банка АД Скопје по препораките и наодите утврдени од НБРСМ. Со оваа политика се определуваат основните принципи и специфични барања при остварување на кредитната активност на Банката, параметрите и технологијата на проучување, одобрување и управување на кредитната активност, постапки и активности кои Банката ги презема при достасаните, а ненаплатени побарувања (реструктуирање на кредитна изложеност) и структурата и правни норми на посебните служби во организациската структура на Банката.

- **Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам**

На Седницата одржана во август 2021 година, Надзорниот одбор ја усвои ревидираната Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам на ЦКБ АД Скопје. Согласно со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, Банката е должна заклучоците од спроведената проценка на ризик и начин на управување со ризик од перење пари и финансирање тероризам утврдени во Извештајот за агрегатно ниво на ризик од перење пари и финансирање тероризам да ги имплементира во Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам. Од тие причини, Банката го изготви Извештајот и заклучоците од извршената проценка на ризик ги имплементира во ревидираната програма.

- **Упатство за дефинирање систем на класификација на ревизорски наоди на Службата за внатрешна ревизија**

Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје, во август 2021 година, донесе Одлука за усвојување на ревидирано Упатство за дефинирање систем на класификација на ревизорски наоди на Службата за внатрешна ревизија. Со ова упатство се пропишуваат насоките и општите принципи на класификација на наодите опишани во ревизорските извештаи на Службата за внатрешна ревизија. Класификација на ревизорските наоди се врши со цел да се примени систем базиран на ризик и да се подобри системот на следење на ревизорските препораки.

- **Политика за управување со кредитен ризик**

Во август 2021 година, од страна на Надзорниот одбор се донесе и Одлука со која Политиката за управување со кредитен ризик на ЦКБ АД Скопје се оцени како соодветна за нареден период. Целта на оваа политика е воспоставување систем за управување со кредитен ризик на Банката, кој подразбира воспоставување правила за управување со ризикот, ефикасен информативен систем, јасно дефинирани надлежности во рамките на организациската структура на Банката во однос на управување со ризикот и соодветен систем на внатрешна контрола и ревизија. Оваа политика е конзистентна со визијата и мисијата на Банката, а преку нејзиното имплементирање треба да се воспостави оптимална структура на кредитната изложеност, која ќе овозможи остварување на посакуваната профитабилност со истовремено минимизирање на кредитниот ризик на кој ќе биде притоа изложена.

- **Програма за уверување во квалитетот и унапредување на работењето на внатрешната ревизија**

На Седницата одржана на 27.9.2021 година, Надзорниот одбор ја усвои Програмата за уверување во квалитетот и унапредување на работењето на внатрешната ревизија на Банката. Оваа програма ги специфицира процедурите кои треба да се следат од Службата за внатрешна ревизија за да се имплементира истата и има за цел развој и континуирано унапредување на квалитетот и ефективноста на активностите на Службата за внатрешна ревизија и обезбедување предлози за подобрување.

- **Политика за создавање систем за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци**

- **Политика со опис на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци**

На Седницата одржана во декември 2021 година, Надзорниот одбор на Банката ја усвои Политиката за создавање систем за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и Политиката со опис на техничките и организациските мерки за обезбедување, тајност и заштита на обработката на личните податоци во ЦКБ АД Скопје. Истите беа усвоени согласно со потребите на Банката, а врз основа на Законот за заштита на лични податоци на РС Македонија. Овие политики имаат за цел да ги редефинираат и унапредат воспоставените рамки на системот за заштита на личните податоци во ЦКБ АД Скопје и да одговори на промените во регулативата од соодветната област.

- **Политика за сигурност на информативниот систем**

На 13.12.2021 година, Надзорниот одбор донесе Одлука за измена и дополнување на Политиката за сигурност на информативниот систем согласно со измените на информативниот систем, а во насока на усогласување на оваа политиката со важечката регулатива и реалната состојба во работењето.

## ЗАПИСНИЦИ ОД ОДБОРОТ ЗА РЕВИЗИЈА

На седниците на Надзорниот одбор редовно беа разгледувани и одобрувани записниците од седниците на Одборот за ревизија на Централна кооперативна банка АД Скопје.

**НО бр. 0204 – 44/1**
**28.4.2022 година**
**С К О П Ј Е**

**Претседател,**
**г. Тихомир Атанасов с.р.**